| | ноември | |

# ДЕНОВИТЕ ВО НЕДЕЛАТА

1. ПОНЕДЕЛНИК
2. ВТОРНИК
3. СРЕДА
4. ЧЕТВРТОК
5. ПЕТОК
6. САБОТА
7. НЕДЕЛА




Подреди правилно!

# ДЕНОВИТЕ ВО НЕДЕЛАТА



Кој ден од неделата е?




# ДЕНОВИТЕ ВО НЕДЕЛАТА

| ЗАВЧЕРА | ВЧЕРА | ДЕНЕС | УТРЕ | ЗАДУТРЕ |
|---|---|---|---|---|
| | | среда | | |
| | | понеделник | | |
| | | петок | | |
| | | вторник | | |
| | | сабота | | |
| | | четврток | | |
| | | недела | | |

# ПЛАН ЗА АКТИВНОСТИ

## Во празните полиња напиши ги активностите за секој ден од неделата!

| ДЕН | АКТИВНОСТ |
|---|---|
| понеделник | |
| вторник | |
| среда | |
| четврток | |
| петок | |
| сабота | |
| недела | |



Што правам во понеделник?

Во понеделник пливам.



# МОИТЕ СЕКОЈДНЕВНИ АКТИВНОСТИ




наутро

навечер

| | |
|---|---|
| **Се будам и станувам.** | **Се бањам./ Се туширам.** |
| **Ги мијам забите и лицето.** | **Облекувам пижами.** |
| **Појадувам.** | **Ги мијам забите.** |
| **Се облекувам.** | **Читам книга со приказни.** |
| **Го местам ранецот за училиште.** | **Одам на спиење.** |

Со кои зборови честиташ Велигден?

Среќен Велигден!

# ВЕЛИГДЕНСКИ РЕЧНИК

Напиши ги зборовите под сликата

пиле - корпа - зајаче - пролет- јагне
нарцис - сонце - Велигден - лале






**Слушни ја Велигденската песна: Чук Чук**

https://www.youtube.com/watch?v=6g_5v9hIkN0

# ПРВО ПРОЧИТАЈ ГИ РЕЧЕНИЦИТЕ, А ПОТОА ОБОЈ!






Јајцата се жолти, црвени и зелени.



Бонбончето е виолетово и сино.



Корпата е кафена. Јајцата се бели.



Календарот е портокалов, а јајцето жолто и бело.



Честитката е розова, а јајцето е црвено.



Зајчето е розово, а јајцето е зелено и жолто.




# ОБОЈ ГО ВЕЛИГДЕНСКОТО ЈАЈЦЕ

опиши го со што повеќе зборови



## ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА



автомобил



автобус



авион



велосипед



брод



мотор

## ВОЗИЛА СО ПРЕДНОСТ НА ПОМИНУВАЊЕ








| Полиција | Пожарна | Брза помош |
|---|---|---|
| 192 | 193 | 194 |






Како треба да постапат возачите и пешаците кога полицијата, пожарната и брзата помош, се движат со вклучени светла и сирени?

БРОД

Меѓу грмје поток тече,
тивко тече, сламки влече.

Крај потокот дете игра –
брод од весник крева сидро.

Едвај рече: „Плови сега!“
по потокот брзо бега;

весело и лесно мина,
в далечина бротче згина.

Потокот безгрижно тече,
тивко тече, што да рече?!




Славко ХОЧЕВАР ЈУГ




Кое е твоето омилено место за одмор?

Со кое транспортно средство стигнуваш до таму?

## ВО : НА

Рибата плива **во** аквариум.

Аквариумот стои **на** масата.



## ПРЕД : ЗАД






Што се наоѓа ПРЕД детето?

# ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

ПРОЧИТАЈ И ОДБЕРИ ГО ПРАВИЛНИОТ ЗБОР ДО СЛИКАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
|  | приколка<br>камион |  | цепелин<br>жичница |
|  | брод<br>чамец |  | мотор<br>скејтборд |
|  | ракета<br>цепелин |  | жичница<br>балон на топол воздух |
|  | брза помош<br>комбе |  | велосипед<br>мотор |
|  | тротинет<br>полиција |  | пожарна<br>велосипед на струја |




Исечи ја сложувалката, а потоа именувај ги транспортните средства.

# ТРАНСПОРТ сложувалка



автомобил



камион



воз



велосипед



авион



автобус



балон на
топол
воздух



брод



тротинет



мотор



трактор



хеликоптер

# ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

ПРОЧИТАЈ И ОДБЕРИ ГО ПРАВИЛНИОТ ЗБОР ДО СЛИКАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
|  | авион<br>хеликоптер |  | хеликоптер<br>балон на топол воздух |
|  | автомобил<br>трактор |  | комбе<br>такси |
|  | метро<br>автобус |  | училишен автобус<br>железница |
|  | подморница<br>брод |  | жичница<br>метро |
|  | брод за крстарење<br>чамец |  | едрилица<br>мотор |

# За вредниот човек ниедна работа не е тешка!




НЕПОСЛУШНИ НЕШТА



-Кај ми се, да знам, чорапите само?
Дали ги виде некаде, мамо?

-Да, видов в зори една чавка бела,
на нозе ги облекла, таа ги зела!



-Овде го ставив мојот молив мил,
сега го нема. Кај ли се скрил?

-Ах, да, си спомнувам:
мачорот пишуваше писмо
до својот покоен дедо-
но каде го ставил-
не видов, чедо.



- Некаде овде е мојот шал бел,
кажи ми, мамо, кој ли го зел?

- Две зајачиња минаа  рано во утрината,
рекоа: „Ни треба за пат до Месечината“!

Григор ВИТЕЗ




1. За кои непослушни нешта зборува поетот?
2. Како се однесува детето кон своите работи?
3. Прочитај ги одговорите на мајка му!




**зори** – прва утринска светлина при разденувањето
**чедо** – нежно обраќање на постар човек кон дете




## ГОРЕ : ДОЛУ










## ЛЕВО : ДЕСНО





Што се наоѓа во левата рака на момчето?

Што држи девојчето со десната рака?

ТЕЛЕФОНСКИ  РАЗГОВОР

Марко и Ведран често разговараат по телефон.
Се договараат што ќе прават во слободното време.
Марко тоа го прави вака:
Прво ја подига телефонската слушалка.
Потоа, кога ќе го слушне сигналот дека линијата е слободна,
го избира телефонскиот број на Ведран. А кога врската ќе се добие,
Марко се најавува:
**МАРКО:** Добар ден! Марко е на телефон. Би сакал да зборувам со Ведран.
**ВЕДРАН:** О Марко, здраво! Ведран е на телефон.
**МАРКО:** Ведран, сакаш да дојдеш кај мене? Ќе си играме со новата топка.
**ВЕДРАН:** Сега не можам. Морам да ја напишам домашната задача. Ќе дојдам, ама подоцна.
**МАРКО:** Добро, до видување!
**ВЕДРАН:** До видување!

Јасмина ДЕЛЧЕВА ДИЗДАРЕВИЌ




Дали знаеш како изгледа фиксен телефон?

Ајде да опишеме како изгледа и како работи фиксниот телефон?

Со кого ти најчесто разговараш по телефон?

За што зборувате?



ТУЛУМБИ

Колку би било згодно
како прво и прво
тулумбите да растат на дрво.
Би посадил со тулумби
стотина плантажи.
И секое дете
кое ќе мине – нека си скине,
нека се блажи.
Колку би било згодно кажи?

Македонка ЈАНЧЕВСКА






- Дали јадеш слатки?

- Што јадеш најмногу?








## ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

Децата црни, жолти, бели
никој не смее да ги дели…

Детето треба да има свои права без оглед на расата, бојата на кожата, полот и верата.



### ПОРАКА

Ние децата
црни,
жолти,
бели,
праќаме порака итна
до луѓето од целиот свет,
атомски бомби,
тенкови
и топови
НЕ САКАМЕ, НЕ!
Фабрики нови,
училишта,
домови,
место нив градете,
повеќе храна,
играчки, книги
на секое дете да му дадете!
Тогаш,
чувствуваме,
светот ќе е поличен,
убав,
а во секое срце,
ќе трепери среќа,
ќе цвета љубов…

Душко АВРАМОВ




1. Каква порака испраќаат децата до луѓето од целиот свет? Зошто тие не сакаат атомски бомби, тенкови и топови? Наместо војни и убивање, тие бараат нови училишта, фабрики и повеќе храна. Зошто?
2. Објасни ги стиховите: „Ние децата црни, жолти, бели“!

ДЕЦАТА ИМААТ ПРАВО




**Прво дете:**
Сите деца од целиот свет
од разни бои и раси,
се еден најубав букет -
насмевка нека ги краси.

**Второ дете:**
И сите имаат право
на радост, среќа и мир,
да растат среќно и здраво -
на целата Земјина шир.

**Трето дете:**
Ниедно дете не смее
да биде гладно и жедно,
сонцето топло што грее -
тоа е за сите едно.

**Четврто дете:**
Децата имаат право
да учат и да се дружат,
сите да живеат здраво -
другарски рака да пружат.



Наум ПОПЕСКИ



На детето му се потребни љубов и разбирање за да се развива сестрано и складно!






Направете заеднички постер на оваа тема за да испратите порака:

Сите деца на Земјината топка треба да имаат исти права!

**ДОМА НИЕ ИМАМЕ...**




Во кујната имаме...

На витрината имаме...

Во спалната имаме...

Во гостинската соба имаме...

Употреби ги овие зборови: спална, кревет, душек, огледало, фотелја, столови, маса, телевизор, лустер, чинии, книги, телефон, шпорет, библиотека…

## Простории во домот



зграда



СОБИ ВО КУЌАТА

Првата соба, во куќата,
е во состојба жална
по цел ден се проѕевала,
ја нарекле СПАЛНА!

Втората никогаш сита,
уште од зора рујна
само лапачка сака
и ја нарекле КУЈНА!

Третата соба чиста,
во бојлерот вода врие
таа соба ја викаме БАЊА,
и во неа се бањаме ние!

Четвртата, убавица ретка,
по убост – чиста петка,
намирисана во секоја доба
заслужено станала  ГОСТИНСКА СОБА!

Ванчо ПОЛАЗАРЕВСКИ

куќа






Во која соба најмногу престојуваш?

Имаш ли своја детска соба? Напиши неколку реченици како изгледа.

Што е најсилно од сето што го познаваш на светот? Објасни зошто мислиш така!






КОЈ Е НАЈСИЛЕН НА СВЕТОТ

Што е најсилно од сето
што го познаваш на светот?
СОНЦЕТО!
Веднаш ќе го скрие него
темен облак од зад брегот.



Што е најсилно од сето
што го познаваш на светот?
ОБЛАКОТ!
Него прав и мав го прави
ветерот кога ќе се јави.



Што е најсилно од сето
што го познаваш на светот?
ВЕТЕРОТ!
И ветерот вчас ќе згине
покрај карпа ако мине.



Што е најсилно од сето
што го познаваш на светот?
КАРПАТА!
Карпата од безброј тони
човекот ја крши, рони...

Што е најсилно од сето
што го познаваш на светот?
ЧОВЕКОТ!



Јапонска НАРОДНА ПЕСНА




Точно ли е тоа дека човекот е најсилен на светот?
Како влијаат природните непогоди врз животот на луѓето?

**ЦИЦИБАРИ**

Цицибари! Цицибари!
Денес мама слатко свари!

Најпрво го проба тато,
потоа си касна бато.

Сега јас со сласт го јадам,
сам од теглите го вадам.

Во нив има две-три кила,
ќе ѝ дадам и на Лила,

ќе му дадам и на Блаже -
на мајка ми да не каже.

Стојан ТАРАПУЗА






**касна** – изеде малку храна
**сласт** – нешто слатко, вкусно




1. Што се случува со природата во есен?
2. Кои плодови се берат во есен?
3. Кое е твоето омилено овошје?
4. Опиши го како изгледа!









## БЛАГОДАРНОСТ

Длабока есен. Ветерот свири низ голите гранки.

Кошницата е полна со златножолт мед.

Медарка наполни едно чиниче и го покри со ливче од вишнов цвет.

- Каде по овој студ, ќерко? - ја праша Мајката.

На Туника ќе ѝ однесам малку мед да си го заслади чајот. Ене ја на прозорецон! - рече Медарка. „Летоска кога паднав во потокот, таа влезе во студената вода и ме спаси да не се удавам.“

- Добра душичка имаш, ќеркичке! - ја пофали Мајката. „Само побргу врати се, зашто ќе ја затвориме портата од кошницава.“

Кога го зеде подарокот, лиценцето на Туника расцвета како божурика од радост.

Видое ПОДГОРЕЦ






**божур** - декоративна билка со прекрасни цветови, најчесто црвени, со назабени крупни листови




- Каков подарок ѝ однесе Медарка на Туника?
- Дали и ти пиеш чај со мед како Туника?
- Зошто е добро да се јаде мед?

ПУШТЕТЕ ГИ САНКИТЕ




Бела,
бела
белина,
како
сон
постелина.

Бел е
ридот
и гранките
-пуштете
ги санките!

Снегот
веќе
крца негде.
Снегот
нека
крца сегде.

Нека крца,
нека брца
во детските
срца!



Ристо ДАВЧЕВСКИ




**постелина** – збир од предмети (креветски чаршаф, јорган, навлака за јорган и навлака за перница) што служат за постилање на креветот за спиење
**брца** – ја вовлекува раката во нешто




1. Зошто писателот вели дека снежната белина е како **сон постелина**?
2. Каде ги повикува снегот децата?
3. Дали си се санкал?

## СИ ЗБОРУВАМЕ ПРЕД СПИЕЊЕ

Надвор е темно, ноќта го гушка градот и ги пали светилките по улиците.
Си зборуваме со Наdја пред спиење.
Ми вели тивко: „Мамо, се плашам!“
Јас прашувам: „Од што се плашиш, мама?“
- Дека сонцето зајде. Сега е темно.
- Немој да се плашиш, па ене ја месечината изгреа и ќе им го осветли сонот на сите мачиња, дечиња, пилиња...
Наdја ме прекинува: „...Ама и на коњчињата и на маслинките?“
- И на коњчињата и на маслинките! – дополнувам.
- Добро, мама. – вели Наdја.
Ме гледа полузаспана. Ми подава раче. Таа запаметува сè.
Татко ѝ, секое утро кога се буди, ја нарекува „татина маслинка“ поради нејзините бистри, весели очи што го гледаат светот.
Се претворам во месечев прав од кој на Наdја не ѝ е страв.
Заспиваме сите и сонуваме...

Ана ГОЛЕЈШКА ЏИКОВА






**светилка** – ламба
**маслинка** – плод од такво дрво




Тука нацртај го својот сон!

УТРО
на Илина




Можеби не е месец мај,
но во утринскиот сјај
ужива едно девојче
легнато на своето креветче.

Зад прозорецот зракот ја води
го зграпчува новиот ден,
од среќа до сонцето оди,
облечена во пижама од лен.

Додека светлината го отвора цветот
на својата нова страна,
младата дама молчешкум стана,
да го спознаат заедно светот
ги викна баба, деде, бато,
мама и тато!

Славица УРУМОВА-МАРКОВСКА




Што прави Илина ова утро?
А ти, што правиш наутро?




**зграпчува** – со сила зема нешто
**лен** – платно и облека добиени од тоа растение
**молчешкум** – тивко, без зборување, со молчење




SВЕЗДА ШТО ПАЃА



Зошто таа sвезда лета
каде бега,
што ја мачи в ноќта сега?

Ах, незгода!
Преплашена бара вода-
својот живот да го спаси,
опашката што ѝ гори,
треба брзо да ја згаси.

Петко ДОМАЗЕТОВСКИ




Дали некогаш си видел/си видела sвезда што паѓа?




Истражи на интернет како се нарекуваат тие sвезди.

## КОКИЧЕ

- Зошто толку рано никна,
кокиченце бело?
- Зашто веќе стаса пролет во
град и во село!
- Зар од студот не се плашиш
и од снегот бел?
- Зар не гледаш, дете драго,
се истопи снегот цел!

Киро ДОНЕВ






**никна** – излезе од под земја
**стаса** – дојде
**кокиче** – првото пролетно цвеќе, со бели цветови во вид на ѕвонче




Во тетратката препиши го и дополни го описов на кокичето со следниве зборови:

**ѕвонче, цвеќе, бел, зелено.**

Кокичето е првото пролетно ________. Цветот му е _________ со три листенца. Прилега на ____________. Неговото стебло го краси едно __________ ливче. Сите му се радуваат на кокичето.

*ГОВОРНА ВЕЖБА*

### ИСКАЖУВАЊЕ ПРОСТОРНИ ОДНОСИ




Одговори на дадените прашања и покрај други зборови употреби и по еден од следниве зборови: на, до, дома, игралиште, градинка, далеку, тука, под, пред, таму...

Каде е топката?
Каде е мајката на Артан?
Близу ли е куќата на Денис?
Каде седи баба?
Каде е Артан?
Каде е моливот?
Каде е кучето?



- Зошто се одбележува 8 Март?
- Со кои зборови го честиташ овој ден?
- Како покажуваш љубов и почит кон жените во своето семејство?
- Што мислиш дека е најважното нешто што учителката го прави за тебе?




## ЗА ПРАЗНИКОТ ОСМИ МАРТ

Најдете ги скриените зборови.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| З | П | Р | А | В | А | З | М | Б | З | З | В | Б |
| З | О | О | А | З | З | З | А | А | З | З | У | О |
| Ш | Б | Љ | Ч | Д | З | З | Ј | Б | З | К | Ј | Р |
| О | Е | У | З | И | О | З | К | А | Е | З | Н | Б |
| М | Д | Б | З | С | Т | С | А | Т | З | З | А | А |
| О | А | О | З | Т | З | З | Т | З | А | Н | Е | Ж |
| П | З | В | З | И | А | К | В | Е | М | С | А | Н |
| У | Ч | И | Т | Е | Л | К | А | Г | Р | И | Ж | А |
| Р | А | М | Н | О | П | Р | А | В | Н | О | С | Т |

| | | |
|---|---|---|
| ПОЧИТ | ЉУБОВ | ЖЕНА |
| ПОБЕДА | БУКЕТ | ВУЈНА |
| РАМНОПРАВНОСТ | ГРИЖА | ТЕТКА |
| ИСТИ | ПОМОШ | УЧИТЕЛКА |
| ПРАВА | РАДОСТ | МАЈКА |
| БОРБА | НАСМЕВКА | БАБА |




Пронајдените зборови употреби ги во реченици на тема 8 Март!

ЖЕЛБА




Малечко сум уште
желба имам јака,
пилот јас да станам
бескрајно би сакал.

Високо да летам
над облаци горе,
да погледнам полја
и нашето море.

Многу јас ќе учам,
имајте ми верба,
пилот да сум чуен
е мојата желба.

Тихо НАЈДОВСКИ

Желбите се наши патокази низ животот. Тие се јавуваат уште во детството. Децата, имаат многу, многу убави желби.







Која е твојата желба?

ГАТАНКА

Лево А, десно ОН
во средина ВИ,
можеби веќе знаеш
што е тоа ти?
(. . . . .)






**бескрајно** – нешто што нема крај




Кои професии ги знаеш? Наброј ги!



НАСТИНКА

Не ти е добро грлото,
си настинала, Цвето!
Затоа, помалку сладолед
и на море – секое лето.

Наместо сладолед – јади мед!
И, здраво! Други чекаат ред!

Киро ДОНЕВ







































Именувај ги професиите што се дадени на сликите.

# ПРОФЕСИИ

фармер - градежник - војник - наставник -
уметник - пожарникар - доктор - полицаец







ИГРА

Вака-така, вака-така,
бабо, види кревам рака
среде соба ќилим шарен
јас ќе ручкам компир варен.

Цап-цуп, цап-цуп,
дедо, види на коленца сум,
на пролетни ноти песна пеам,
со природата на бунт се кревам!



Играм вака, ваму-таму,
правам финти, шетам само!
Се слуша врева, ечи глас,
безгрижно и среќно дете сум јас.

Славица УРУМОВА-МАРКОВСКА






**Кои игри ги играш со другарите?**

## ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ

ЈАС, ТИ, ТОЈ...

Јас, ти, тој,
ние, вие, тие -
о каква ли сила
во нас се крие.

Јас, ти, тој,
ние, вие, тие -
о за какви дела
способни сме ние.

Јас, ти тој,
ние, вие тие -
о за мир и среќа
срце наше бие.

Ајде да се здружиме
малечки, но чесни,
ајде за добрината
да пееме песни.

Глигор ПОПОВСКИ




На местото од празните линии внесете ги **показните заменки**

(**овој, оваа, овие**).

1. Денес го купив овој молив.
2. ________ книга ја добив како награда.
3. Со ____________ шестар работам на час по геометрија.
4. ____________ очила ги носи баба ми.
5. _____________ јаболка се многу вкусни.
6. Со ________________ чанта се служам три години.
7. Секогаш купуваме како ____________ круши.

# ИМЕНКИ

Напиши во тетратката по македонски јазик што гледаш на сликите!

    

__________ __________ __________ елка, девојче __________




Пронајди ги именките: куче, дете, пиле, капа, чело, ќебе, ќесе, сон, уши.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ќ | е | б | е | ж |
| е | к | а | п | а |
| с | у | ш | и | н |
| е | ч | е | л | о |
| д | е | т | е | с |



  

   

# ФОРМИ ЗА ЕДНИНА И ЗА МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ

Напиши ги формите за еднина и за множина кај следните именки.




| | ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|---|
|  | јаболко | ______________ |
|  | ______________ | риби |
|  | ______________ | деца |
|  | жена | ______________ |
|  | заб | ______________ |
|  | гуска | ______________ |
|  | ______________ | глувчиња |
|  | портокал | ______________ |
|  | ______________ | кутии |
|  | бебе | ______________ |
|  | нож | ______________ |
|  | ______________ | овци |
|  | пенкало | ______________ |




# РОД КАЈ ИМЕНКИТЕ

Исечи ја, определи ја формата за граматички род на именката и според тоа залепи ја во односниот круг.

машки род

еден

тој

женски род

една

таа

среден род

едно

тоа



# ПОТВРДНИ И ОДРЕЧНИ РЕЧЕНИЦИ

| **РЕЧЕНИЦА** | |
|---|---|
| **потврдна** | **одречна** |
| ДА | НЕ |

ПОТВРДНИ РЕЧЕНИЦИ

ОДРЕЧНИ РЕЧЕНИЦИ

Јана **има** книга.



Јана **нема** книга.

**Сакам!**



**Не сакам!**

**Ќе гледам** филм.



**Нема** да гледам филм.

Јас **бев** на училиште.



Јас **не бев** на училиште.




Потврдните реченици напиши ги во одречна форма,
а одречните во потврдна форма.

Срна е одлична ученичка.

Денес не го заборавам блокот за цртање.

Симон не пишува домашна по македонски јазик.

Баба ми купува леб, овошје и млеко.

Татко ми не се враќа доцна од работа.

Во нашата библиотека нема многу книги.

Билјана не доаѓа на роденден.




Состави една потврдна и една одречна реченица поврзана со дадената слика.



## НА КРАЈОТ

Не сонувам, не е шега,
јас убаво читам сега.



Со буквите битка биев,
во неволја раце триев.

Сега ми се друшки знајни,
одгатнувам со нив тајни.

И вистини нови учам,
во сè сакам да се вклучам.

Стојан ТАРАПУЗА






**друшки** – другарки
**битка** – војна

# ПЛАНОВИ ЗА РАСПУСТ




На распуст се дружиме, разговараме, читаме, гледаме филмови, играме друштвени игри, работиме на компјутер, ја уредуваме градината, го чистиме подрумот, учиме да шиеме, да веземе и да плетеме, се обидуваме да цепиме дрва…








Направи план за твојот летен распуст!

# ГЛАГОЛИ



Што прави баба?
Што прави дедо?

Баба **плете**.
Дедо **чита** весник.






1. Поврзи ја именката со глаголот што одговара:

| | |
|---|---|
| Кучето → | чита. |
| Птицата | → лае. |
| Таткото | свети. |
| Сонцето | лета. |
| Мајката | спие. |

2. Напиши ги глаголите под сликите:







| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | вежба | | | | | |

3. Дополни ги речениците!

Азра **црта** во боенка.
Тато __________ ручек.
Мама и Бени ____________ на компјутер.
Бато и Павел ____________ домашна задача.
Сестра ми не ________ во хор.

# Г А Т А Н К И

По празно море,
над зелена гора -
минува кораб?

Б. СМАЌОСКИ



Зелен ќилим извезен
со цвеќиња разни
го пасат јагнињата
и делник и празник.

В. ПОДГОРЕЦ



Што ќе допре, што ќе фати,
ќе го светне, ќе го злати.
Од пролет, па цело лето,
едно е, а го грее светот.

М. АТАНАСОВСКИ





Го познавам овој носач,
кој свој дом си носи,
и два рога што пушта
кога врне, кога роси.

В. КУНОСКИ

# ПРИДАВКИ





**брз, кроток, висок, убав, паметен**

**мала, ниска, светла, дрвена, црвена**




Под сликата напиши ја именката, а потоа напиши три придавки што се однесуваат на неа.







| ______________ | сладолед | ______________ |
|---|---|---|
| ______________ | ладен | ______________ |
| ______________ | ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ | ______________ |

Во следниве реченици **подвлечи ги само придавките**.

Црвениот шал ми го сплете баба.

Тоа девојче имаше прекрасен фустан.

Јана рецитира детска песничка.

Топката на Јане е гумена.

**Дополни со придавки** за да добиеш целосна реченица.

Маја јаде црвено јаболко.

Јас купив ___________ молив.

Џенета има _________ коса.

Очите на Никола се ___________.




# ПОГОДИ ШТО Е!

**Поврзи го предметот со описот.**

| |
|---|
| **тркалезна, шарена, гумена, голема** |
| **стаклен, проѕирен, мазен** |
| **мек, волнен, топол** |
| **остар, долг, тврд, дрвен** |
| **метален, остар, со дрвена рачка** |
| **светло, топло, тркалезно, жолто** |
| **блага, чоколадна, украсена, роденденска** |
| **кожени, зимски, топли** |


















# МЕСТОПОЛОЖБА


до


пред


зад


на


надвор


преку


во


под


меѓу


околу


над

## ПРЕДЛОЗИ ЗА МЕСТО

**Каде е...?**




Обележи го правилниот предлог!



под

во



на

во



во

под



под

на







Што правиш ти за да ја заштитиш животната средина?




Во пар или во група напишете една еколошка порака, а потоа искористете ја за да креирате екофлаер.

НА ОДМОР

Заден одѕвон силно гласи
со драг познат глас,
годината школска сврши
и последен час.

Цело лето игри лесни
ќе ни следат од
насмеани, радост полни,
под топлиот свод.

Нека ѕвони нека гласи,
тој мил поздрав јак,
септемвриски сите збрани
ќе дојдеме пак.

Симо МЛАДЕНОВСКИ




Каде сакаш да патуваш?



ПЛАНИНИ-УБАВИНИ

Планини-убавини
во нашите очи!
Китка, Кораб, Шара
за тој што чист воздух бара.

Планини височини
до небото вишни!
Кожуф, Ниџе, Баба
те канат во зима,
дојди мило дете,
топло чајче има.

Беласица – тајна крие,
Пелистер во ноќта спие.
Една молика, тивко моли:
Чувај ги шумите твои
како очите свои!

Емилија СТОЈКОВА

**Китка**



Поглед на Китка од месноста Три Круши кај Драчево

**Кораб**



Поглед на планината Кораб

**Шар Планина**

Шара



Поглед на северните делови на планината под снег

**Кожуф**



Поглед кон планината




**Со кого и каде најчесто одиш на планина? Што правите?**

**Ниџе**



Поглед кон планината

**Беласица**

планина



Поглед кон врвот Радомир

**Баба**

Пелистер



Поглед кон планината Баба и врвот Пелистер од Ластојчин Камен

*Забелешка: Фотографиите од планините се преземени од https://mk.wikipedia.org







**Како се чувствуваш сега кога завршува учебната година?**

# С О Д Р Ж И Н А


**СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ** 4

**ТЕМА: ЈАС МОЕТО СЕМЕЈСТВО И МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ** **5**
Поздравување и запознавање 6
Изрази за поздравување 7
Кој е ова? Ова е…моето семејство 8
Членови на семејството 9
Членови на семејството (вежба – именување) 10
Членови на семејството (вежба - опишување) 11
Заменки 12
Покана за роденден 13
Јас имам… (говорна вежба) 14

**ТЕМА: УЧИЛИШТЕТО И НЕПОСРЕДНАТА ОКОЛИНА** **15**

Училиште (основни поими) 16
Што има во мојот ранец и мојот прибор? 17
Училиште – именување на предмети (игра меморија) 18
Временски услови (Има…) 20
Домашни животни 21
Играме бинго – Домашни животни 22
Домашни миленици 27
Диви животни 28
Диви животни (сложувалка) 29
Диви животни (сложувалка) 30
Броеви од 1 до 12 31
Објектите во мојата околина 32
Објекти во градот 33
Село (Фарма) / Град (говорна вежба) 34
Ги учиме боите 35
Бои (вежба); Вежбам, играм, се радувам 36
Глаголи од несвршен вид 37
Новогодишен речник 39
Божик / Бајрам 40
Тој / Таа / Тоа 41
Тој / Таа / Тоа (вежба) 42
Овошје или зеленчук? 43

**ТЕМА: ЧИТАМ И ПИШУВАМ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** **44**

А а, Б б 45
В в, Г г 46

Д д, Ѓ ѓ 47
Читаме зборови 48
На буква, на буква (А а, Б б, В в, Г г, Д д, Ѓ ѓ) 49
Е е, Ж ж 50
Изговор на гласот Ж 51
З з, Ѕ ѕ 52
Изговор на гласот З 53
Читаме реченици 54
На буква, на буква (Ѓ ѓ, Е е, Ж ж, З з, Ѕ ѕ) 55
И и, Ј ј 56
К к, Л л 57
Љ љ, М м 58
И и, Ј ј, К к, Л л, Љ љ, Мм (вежби) 59
Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ Ее Жж Зз Ѕѕ Ии Јј Кк Лл Љљ Мм (повторување) 60
Н н, Њ њ 61
О о, П п 62
М м, Н н, Њ њ, О о, П п (вежби) 63
Р р, С с 64
Изговор на гласот Р 65
Изговор на гласот С 66
Т т, Ќ ќ 67
Изговор на гласот Ќ 68
У у, Ф ф 69
Рр, Сс, Тт, Ќќ, Уу, Фф (вежби) 70
НА ПАЗАР – Јадранка Клисарова, Жаклина Ристовска 71
Х х, Ц ц 72
Изговор на гласот Ц 73
Ч ч, Џ џ 74
Изговор на гласот Ч 75
Ш ш 76
Изговор на гласот Ш 77
Ф ф, Х х, Ц ц, Ч ч, Џ џ, Ш ш (вежби) 78
Мм Нн Њњ Оо Пп Рр Сс Тт Ќќ Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш (повторување) 79
Тротинет; Другари; Во двор – Ј. Клисарова и Ж.Ристовска 80
Задачи 81
Глас, буква, збор, реченица 84
Расказна, прашална и извична реченица 85
Реченица (вежба) 86
Голема буква (вежба) 87
Задачи 88
Домашни животни (вежба) 91
Животни (вежба) 92
ЗОО (вежба) 93
Миленичиња (вежба) 94
Броеви (вежба) 95
Броеви (вежба) 96
Броеница – Славка Манева (редни броеви) 96
Редни броеви 97
Објекти во градот (вежба) 98
Членови на семејство (вежба) 99
Што е пријател? Како да бидеме пријатели? (изразување и творење) 100
Какво е времето денес? (вежба) 101

АЗБУКА СЛИКОЗБОРНИЦА (постер) 102
ЗАБАВНА АЗБУКА – Славица Урумова-Марковска 103

**ТЕМА: СЛОБОДНО ВРЕМЕ И ОДМОР 104**

Учтиво обраќање и изразување 105
УБАВИ ЗБОРОВИ - Видое Подгорец 106
ТРИТЕ МРАВКИ – Народна приказна 107
СНЕГУЛКИ – Виолета Ѓуровска 108
ВОЗОТ ПАТУВА ПО СВЕТОТ - Џани Родари 109
НЕКА НИ Е – Васил Куновски 110
МОЕТО СЛОБОДНО ВРЕМЕ 111
Во слободно време сакам да ... 112
Моето тело 114
Делови од тело (вежба) 115
Годишни времиња 116
Пролетен речник 117
Летен речник 118
Есенски и зимски речник 119
Пролет – лето (вежби) 120
Есен – зима (вежби) 121
ГОДИНА - Ванда Хомотска 122
Месеците во годината 123
Месеците во годината (вежби) 124
Месеците во годината (вежби) 125
Деновите во неделата 126
Деновите во неделата (вежби) 127
Деновите во неделата (вежби) 128
План за активности (вежба) 129
Моите секојдневни активности (вежба) 130
Велигденски речник 131
Велигден (вежба - бои) 132
Обој го Велигденското јајце (вежба – бои, опис) 133
Превозни средства 134
БРОД - Славко Хочевар Југ; Пред : Зад 135
Превозни средства (вежба) 136
Транспорт (Сложувалка) 137
Превозни средства (вежба) 138
НЕПОСЛУШНИ НЕШТА - Григор Витез 140
ГОРЕ : ДОЛУ; ЛЕВО : ДЕСНО 141
ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОР - Јасмина Делчева Диздаревиќ 142
ТУЛУМБИ – Македонка Јанчевска 143
ПОРАКА – Душко Аврамов 144
ДЕЦАТА ИМААТ ПРАВО – Наум Попески 145
Простории во домот, (вежба: ДОМА НИЕ ИМАМЕ...) 146
СОБИ ВО КУЌАТА - Ванчо Полазаревски 147
КОЈ Е НАЈСИЛЕН НА СВЕТОТ - Јапонска народна песна 148
ЦИЦИБАРИ - Стојан Тарапуза 149
БЛАГОДАРНОСТ – Видое Подгорец 150
ПУШТЕТЕ ГИ САНКИТЕ - Ристо Давчевски 151
СИ ЗБОРУВАМЕ ПРЕД СПИЕЊЕ - Ана Голејшка Џикова 152

| | |
|---|---|
| УТРО – Славица Урумова-Марковска | 153 |
| SВЕЗДА ШТО ПАЃА – Петко Домазетовски | 153 |
| КОКИЧЕ – Киро Донев | 154 |
| ИСКАЖУВАЊЕ ПРОСТОРНИ ОДНОСИ (говорна вежба) | 154 |
| ЗА ПРАЗНИКОТ 8 МАРТ | 155 |
| ЖЕЛБА - Тихо Најдовски | 156 |
| НАСТИНКА - Киро Донев | 157 |
| Професии (вежба) | 158 |
| ИГРА – Славица Урумова-Марковска | 159 |
| ЈАС, ТИ, ТОЈ... - Глигор Поповски | 160 |
| ИМЕНКИ | 161 |
| Форми за еднина и за множина кај именките (вежба) | 162 |
| Род кај именките (вежба) | 163 |
| Потврдни и одречни реченици | 164 |
| Потврдни и одречни реченици (вежби) | 165 |
| НА КРАЈОТ – Стојан Тарапуза | 166 |
| ПЛАНОВИ ЗА РАСПУСТ | 167 |
| ГЛАГОЛИ | 168 |
| ГАТАНКИ | 169 |
| ПРИДАВКИ | 170 |
| Погоди што е? | 171 |
| Местоположба | 172 |
| Денот на планетата Земја (постер) | 173 |
| НА ОДМОР – Симо Младеновски | 174 |
| ПЛАНИНИ-УБАВИНИ - Емилија Стојкова | 175 |
| ЛЕТЕН РАСПУСТ – Васил Куновски | 176 |
| Содржина | 177-180 |



# СЕ ГЛЕДАМЕ ВО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ


М
Е
О
Њ
Ѕ
И
Ј
Џ
ч
Ц
Н
Ш
Ќ
х
Ѓ
ф
Т
В